**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**

Адреса: Институт за хемија, Природно-математички факултет,
Архимедова 5, 1000 Скопје; Тел: +(389-2) 324-9926; Fax: +(389-2) 322-6865

жиро-сметка: 300000001352895
даночен број и банка: 4030954350704, Комерцијална банка, Скопје

http://sctm.mk

---

До
Директори на основни и средни училишта

Почитуван директор,

Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ) акредитирано здружение од МОН, организира натпревари по хемија за ученици од основното и средното образование, со цел:
–да ги поттикнат учениците за проширување на нивните знаења од хемијата;
– да развиваат вештини и способности за примена на знаењата од хемијата;
– да побудат кај учениците поголем интерес за хемијата;
– да послужат како средство за откривање на талентираните ученици за натпревари од повисок ранг, како и за други манифестации кои се од интерес за развивање на хемијата и другите природни и технички науки во нашата средина;
– да го развиваат натпреварувачкиот дух кај учениците;
– да придонесуваат за продлабочување на соработката меѓу менторите и
– да придонесат за меѓусебно запознавање и зближување на учениците од различни средини во Република Македонија.

Термините за натпревари на сите нивоа (општински, регионален и државен), а во договор со друштвата од природно-математичките науки, беа објавени во октомври 2018 година.

Општинскиот натпревар, како резултат на ангажирањето на општинските координатори и координаторите на СХТМ, ќе се одржи во закажаниот термин, **16.03.2019, со почеток во 10 часот**.

Имајќи предвид дека 16.03 2019 (сабота) е ден за одработување на настава (пратен допис од МОН до директорите на 13.03.2019),
**Ве замолуваме да овозможите учениците и нивните наставници-ментори да бидат ослободени од наставата овој ден за да учествуваат на натпреварот по хемија.**

Срдечен поздрав и благодариме за соработката,

Секција за хемиско образование при
Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија,
Марина Стефова, раководител на секцијата

М Стефова

Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија • Скопје

Проф. д-р Марина Стефова
Институт за хемија, Природно-математички факултет
Универзитет Св. Кирил и Методиј
Архимедова 5, 1000 Скопје

тел: 02 3249934; 078447442;
e-mail: natprevar.hemija@gmail.com